13-6808/1

Врз основа на член 99 став 7 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија” бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ВИСОКООБРАЗОВНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за високообразовни квалификации.

Член 2

Регистарот за високообразовни квалификации (во понатамошниот текст: Регистарот) се води во посебно тврдо подврзана книга со темно сина корица. Листовите на Регистарот се нумерирани и прошиени со емстденик, чии два краја се запечатени со црвен восок на внатрешната страна од задната корица.

Регистарот се води според образец со димензии 420мм x 297мм кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Регистарот се води и во електронска форма.

Член 3

Регистарот на корицата го содржи називот “МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА” и насловот “РЕГИСТАР ЗА ВИСОКООБРАЗОВНИ КВАЛИФИКАЦИИ“.

Првата страна на Регистарот која се повторува до страна 250, содржи податоци за: реден број, ознака на квалификацијата, научно поле, назив на квалификацијата, вид на документот што се издава, степен според Национална рамка за високообразовни квалификации, број на кредити според ЕКТС, назив на установата која ја издала високообразовната квалификација, датум и број на решение, ознака според ISCO класификацијата и забелешка.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-6808/1

09.04 2014 година

Скопје

**Министер за образование и наука,**

**Спиро Ристовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ

ПРИЛОГ

# РЕГИСТАР ЗА ВИСОКООБРАЗОВНИ КВАЛИФИКАЦИИ

| Реден број | Ознака на квалификацијата | Научно поле | Назив на квалификацијата | Вид на документот што се издава | Степен според Национална рамка за високообразовни квалификации | Број на кредити според ЕКТС | Назив на установата која ја издала високообразовната квалификација | Датум и број на решение | Ознака според ISCO класификацијата | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |